РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 03-2279/1

Скопје 15.04.2019г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Петнаесетти дневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај за 15-ти април 2019 година.

Во денешниот извештај ве информираме дека Агенцијата денес го објави првиот извештај за начинот на известување на радиодифузерите во текот на изборната кампања кој го опфаќа периодот од 1 до 9 април 2019 година.

Една од карактеристиките во известувањето на националните медиуми за текот на изборните кампањи во 2019 година, во првите девет дена е тоа што повеќе се концентрираа на активностите на претседателските кандидати, што е и логично зашто градоначалници се бираат само во три општини. Некои од нив во вестите воопшто не известуваа за локалните избори (ТВ Алсат – М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител, 1ТВ, ТВ Шења) или патем спомнаа некој од кандидатите (на пример МРТ1). ТВ 21 – М и ТВ Клан Македонија известуваа само за изборите во Општина Дебар.

Регионалните и локалните медиуми пак, беа поконцентрирани на локалните избори за својата општина.

Извештајот е достапен на веб страницата на Агенцијата.

Воедно, ве информираме дека Агенцијата денеска ги потсети сите радиодифузери дека денеска е крајниот рок за објавување на резултати од испитувања на јавното мислење, како и за правилата за начинот на информирање на радиодифузерите за време на изборниот молк кој започнува 24 часа пред денот на гласањето.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

.................................................

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**